Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 03.12.2024

На 02.12.2024, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, по претходно добиена наредба од Основен кривичен суд Скопје, извршиле претрес во домот на С.М.(30), на подрачјето на Гази Баба во Скопје. При претресот биле пронајдени прашкаста материја, три мобилни телефони и дигитална вага со остатоци од прашкаста материја. С.М. е лишен од слобода и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 02.12.2024 во 18.20 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода И.Ш.(41) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба., биле пронајдени пиротехнички средства. По документирање на настанот против него ќе следува соодветна пријава.

На 02.12.2024 во 21.30 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода А.К.(30) од Струмица. Тој бил баран по потерница поради бегство од Казнено – поправната установа Затвор Штип, каде издржувал затворска казна во траење од три години за сторено кривично дело „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот", а имал за доиздржување 2 години и 5 месеци. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Штип за доиздржување на казната.

На 02.12.2024 во 23.30 часот на улица „Никола Тесла" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле Л.Н.(36) од Тетово, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна од 12 месеци за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Тој бил предаден во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на затворската казна.

На 02.12.2024 во 19.30 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Ј.(41) од с.Инџиково, скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени амфетамин и други предмети. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена кривична пријава по брза постапка по член 215 од Кривичниот законик.

На 02.12.2024 во 19.10 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.А.(22) од с.Бујковиот, општина Илинден, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.12.2024 во 18.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.12.2024 во 16.20 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.Ѓ.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.12.2024 во 12.50 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ц.(40) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.12.2024 во 13.30 часот на улица ,,Ван Вардарска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Е.М.(44) од Тетово. Кај него било пронајдено патничкото возило „опел зафира" со тетовски регистарски таблички, сопственост на Х.М.(62) од с.Цетниште, кој што истиот ден околу 09.00 часот пријавил дека му било одземено од дворот на неговиот семеен дом во с.Цетниште. Одземеното возило било вратено на сопственикот, додека лицето е задржано во полициска станица за понатамошна постапка и против него ќе следува соодветен поднесок.

На 03.12.2024 во 00.15 часот во близина на с.Стојаково, општина Богданци, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и гранични проверки Богородица го лишиле од слобода М.Е.(28) од Република Албанија. Во наведеното време, со возилото „хјундаи", кое го управувал, тој не застанал на знак за запирање даден од полициските службеници и продолжил со движење. Набрзо го запрел возилото и се дал во бегство. При преглед во возилото и проверка на теренот тој бил пронајден и лишен од слобода, а биле пронајдени и 12 лица мигранти (по четири од Сирија, Либан и Иран), кои ги превезувал во возилото. Мигрантите биле сместени во приватно – транзитен центар во Гевгелија, а лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.12.2024 во 16.00 часот во село Радово, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода О.О.(48) од село Старо Балдовци, струмичко, кој бил баран со потерница за издржување затворска казна за сторено кривично дело „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот". Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Струмица за издржување на казната.

Денеска (03.12.2024) во 00.50 часот на Граничниот премин Деве Баир, во влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода Џ.С.(65) од Република Турција затоа што при пасошка контрола и проверка беше констатирано дека меѓународните зелени карти за осигурување на товарното возило и полуприколката, кое го управувал, биле фалсификувани.Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 02.12.2024 во 07.20 часот на Граничниот премин - Аеродром „Св.Апостол Павле" во Охрид, на излез од државата, полициски службеници ја лишиле од слобода М.М.(19) од четовското село Жипче. При преглед во нејзината торба биле пронајдени девет куршуми за пиштол калибар 7,65 милиметри. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.12.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Крсте Мисирков" со ул.„Гиштор Прличев" во Скопје, патничко возило „сеат леон" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.А.(34) од с.Семениште, општина Сара), удрило во велосипед, управуван од Б.В.(67) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедист, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.12.2024 во 15.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул.„Ферид Бајрам" и ул.„Рокомија" во Скопје, товарно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.И.(41) од с.Брест, општина Чучер – Сандево, удрило во велосипед, управуван од Р.Р.(57) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедист, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.12.2024 во 14.20 часот во Полициската станица Велес, Т.Ј.(39) од Велес пријавил дека на улица „Мите Богоевски" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 02.12.2024 во 21.00 часот, К.П.(50) од Кичево во полициска станица пријавил дека на булеварот „Ослободување" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 03.12.2024 во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека при извршување градежни работи на зграда во изградба на булевар „Гевгелија" во Гевгелија, Б.Б.(21) од село Орашац, кумановско, паднал и се здобил со тешки телесни повреди. Тој бил пренесен во болницата во Гевгелија, од каде поради сериозноста на повредите бил препратен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје, каде што починал. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија, а увид на местото извршиле инспектор од Државен трудов инспекторат и екипа на ОВР Гевгелија.

На 02.12.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, Е.Б.(46) од Скопје пријавила дека околу 19.00 часот во двор од средно училиште на подрачјето на Центар, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје, Д.С.(32) од Крива Паланка пријавил дека на 29.11.2024 околу 03.30 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходна расправија, бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2024 во 21.30 часот во СВР Скопје, С.Р.(56) од Скопје пријавил дека на 01.12.2024 околу 16.40 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од А.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2024 во 18.10 часот во СВР Скопје, М.А.(40) од Скопје пријавила дека околу 16.30 часот на локалниот пат од населбата Хиподром кон место викано „Егреле" била физички нападната од едно лице, кое употребило и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2024 во 11.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров настанал пожар во куќа сопственост на Љ.Ф.А.(30) од Скопје. Повредени лица нема, а екипа од Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 02.12.2024 во 18.20 часот во СВР Скопје, С.А.(25) од Скопје пријавила дека околу 16.40 часот на подрачјето на Чаир, едно лице со употреба на сила ѝ го одзело паричникот со пари и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, В.Б.(24) од Тетово пријавила дека околу 14.20 часот на подрачјето на Центар, едно лице со употреба на сила ѝ го одзело личниот накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2024 во 11.35 часот во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување на деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение – Оперативна единица Козле било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник Ч.С.(18) од Скопје , кој и претходно се оддалечувал, но бил пронаѓан и враќан. Се преземаат мерки за пронаѓање на лицето.

На 02.12.2024 околу 18.20 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено декај кај нив со повреда од огнено оружје бил донесен Ц.Х.(28) од Скопје. Според пријавното, непосредно пред тоа, на улица „Крсте Асенов" на подрачјето на Чаир, тој бил пресретнат од две лица, од кои едното пукало кон него со пиштол и го повредило наногата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2024 во 21.25 часот во СВР Куманово, Т.А.(43) од Куманово пријавил дека на булевар „Трета македонска ударна бригада" во Куманово, неговиот малолетен син и неговите пријатели биле физички нападнати од неколку лица, кои употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот. ,

На 02.12.2024 во 23.10 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода К.К.(20) од Скопје. Тој бил затекнат при обид со запалка да запали знаме. Знамето и запалката биле одземени, а тој бил задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Ј.(25) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојништво" и „тешка кражба на дрзок начин". На 24.11.2024 во Охрид, пријавениот ѝ одзел чанта на И.Ч., а на 25.11.2024 во домот на С.Ц. со закана од остар предмет одзел златни предмети и пари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.П.(31) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 05.09.2023 во Кочани, полициски службеници извршиле преглед над едно лице, при што бил пронајден и одземен хероин, кој го набавил од пријавениот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(35) од Тетово поради постоење основи на сомнение сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 28.11.2024, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што бил пронајден и одземен кокаин, а при преглед во патничкото возило „форд", исто така, бил пронајден и одземен одземен кокаин. Од судија на претходна постапка од Основен Суд Тетово, на пријавениот му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена и бил спроведен во Казнено – поправната установа Затвор Скопје за издржување на мерката.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против С.П.И.(51) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 21.10.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот и други простории на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиштол „Застава", гасен пиштол „Екон", додаток за испалување и рамка со куршуми.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.Н.(20) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 17.02.2024 на бензинската станица во Кочани, кај пријавениот биле пронајдени пиштол и куршуми.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против П.Л.(41), М.Ј.(32) и Т.Б.(42), сите од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 26.10.2024 во с.Пуздерци, пријавените физички го нападнале Е.Е., при што употребиле тврди предмети, а потоа првопријавениот извадил пиштол и му се заканувал.

Регионалниот центар за Гранични работи Север поднесе кривична пријава против Ц.У.(29) и С.Р.(32), двајцата од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 01.01.2024 на автопат „Пријателство", првопријавениот со патничко возило „фолксваген пасат", во кое второпријавениот бил совозач, превезувал три лица мигранти.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет